Уп. бр. 08- 45

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Еусидер С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Тортона бр.25, Милано, Италија, доставено преку Адвокатско друштво Георгиеи, од Скопје на седницата одржана на ден 08.05.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Еусидер С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Тортона бр.25, Милано, Италија ќе стекне контрола над друштвата Профилмерц С.п.А со регистрирано седиште на Корсо Орбассано бр.336, Торино, Италија и Финтреби С.р.Л со регистрирано сеште на Виа Перроне бр.14 Торино Италија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 03.04.2019 година, а дополнета на 17.04.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување за концентрација од Еусидер С.п.А., со регистрирано седиште на Виа Тортона бр.25, Милано, Италија со која Еусидер С.п.А.„ има намера преку стекнување на акции, односно удели да стекне контрола над друштвата Профилмерц С.п.А со

регистрирано седиште на Корсо Орбассано бр.336, Торино, Италија и Финтреби С.р.Л со регистрирано сеште на Виа Перроне бр.14 Торино Италија во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Еусидер С.п.А., Италија** е центар за услуги за челик кое врши дејност преработка и продажба на челични производи. Еусидер С.п.А. купува челик од големите производители што работат низ целиот свет, го контролира квалитетот на челикот и го складира во сопствени магацини кои се наоѓаат на стратешки локации во Италија. Челикот потоа се обработува според неговата намена и се продава на купувачи. Еусидер има широка палета на производи организирани по ширина и длабочина во поглед на двата материјали (челик, нерѓосувачки челик и алуминиум) и производи (калеми, тешки плочи, цевки и хромирани шипки. Кружни шипки). Производите се обработуваат за намени прилагодени за специфичните индустри, вклучувајќи ги автомобилската, индустријата на апарати за домаќинство, градежната и индустријата на земјени машини, бродоградбата, индустриски постројки инфраструктура, мебел, нафта и гас и др. Особено голем дел на активноста на Еусидер С.п.А. се состои во производство и продажба на калеми и делови од челични профили. Освен тоа Еусидер С.п.А. има деловна активност во мал обем која се состои од производство и продажба на електрично заварени челични цевки на ниво на ЕУ и продажба на отпадоци од метал што произлегуваат од производните процеси во рамките на Италија.

Во Република Северна Македонија Еусидер С.п.А., Италија е присутен со продажба на челични калеми и ленти.

**Профилмерц С.п.А Италија** (директно и преку своите зависни друштва ИСПАДУЕ С.п.А и СИТ С.п.А) врши дејност на производство, трансформација, преработка и продажба на високофреквентни електрични заварени челични цевки. Во многу помал обем Профилмерц С.п.А продава челични калеми и ленти (директоно и преку друштвата ИСПАДУЕ С.п.А и СИТ С.п.А) и метални отпадоци (директоно и преку друштвото ИСПАДУЕ С.п.А). Покрај тоа преку своето зависно друштво Р.О.Л.М. С.р.л. Италија, Профилмерц С.п.А произведува и продава високотехнолошки машини за производство на цевки и работа на челичен лим. Друштвото исто така е ангажирано во пост-продажни услуги како одржување.
Профилмерц С.п.А Италија има удел од 70% во друштвото КМП - Комерцио Материе Приме С.р.л. и со тоа има контрола над ова друштво. Сепак Еусидер С.п.А. нема да стекне контрола над КМП- Комерцио Материе Приме С.р.л.. Имено пред спроведување на предметната концентрација уделот кој Профилмерц С.п.А Италија го има во КМП - Комерцио Материе Приме С.р.л. ќе биде пренесен директно на продавачот или на друго трето друштво.

Во Република Северна Македонија Профилмерц С.п.А Италија е присутен со продажба на електрично заварени челични цевки.

**Финтреби С.р.Л Италија,** е друштво за специјална намена, односно холдинг друштво и не извршува економска активност.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**